АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut
e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E MBIKËQYRJES SË SIGURIMEVE
Бр.-Nr. 10-726/1
22 09 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До: ____________________________________

____________________________________

Предмет: Покана за работен состанок

Почитувани,

Во мај 2017 година Одборот за меѓународни сметководствени стандарди донесе Меѓународен стандард за финансиско известување 17 – Договори за осигурување. Со донесувањето на овој стандард, друштвата за осигурување и/или реосигурување кои го водат сметководството и подготвуваат финансиски извештаи според барањата на меѓународните стандарди за финансиско известување мораа да извршат соодветни промени и најдоцна до 1.1.2023 година да почнат да ги применуваат барањата од овој стандард во водењето на сметководството и финансиското известување.

Агенцијата за супервизија на осигурување ги следи случувањата на ова поле и во рамките на своите надлежности се подготвува за претстојните промени кои треба да се направат во домашниот систем на водење на сметководство и финансиско известување за друштвата за осигурување.

Иако носител на овие системски промени е Министерството за финансии, Агенцијата за супервизија на осигурување активно ќе учествува не само во преведувањето на стандардот туку, што е поважно, и во правилното разбирање на новите барања и нивна примена.

Со претстојните системски промени сметаме дека значително ќе се подобри квалитетот на финансиското известување на друштвата за осигурување. Ова подразбира веројатни промени во вреднувањето на обврските по договорите за осигурување, признавањето на приходите и расходите и финансискиот резултат, формата на известувањата, што секако ќе има влијание и врз состојбата на капиталот на друштвата за осигурување при изготвувањето на финансиските извештаи за целите на прифатените општи сметководствени стандарди во Македонија.

Со усогласувањето на домашните друштва за осигурување со барањата на МСФИ 17 сметаме дека значително ќе се подобри веродостојноста,

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA E
MBIKËQYRJES
SË SIGURIMEVE

тел/tel: 02 3254 050
факс/faks: 02 3290 240
адреса/adresa: ул.Македонија 66,
Палата Лазар Поп Трајков 5-ти кат,
1000 Скопје,
Република Северна Македонија/
rr.Makedonija Pa Nr
Pallati Llazar Pop Trajkov, kati i 5-të
1000 Shkup,
Republika e Maqedonisë së Veriut

e-email: contact@aso.mk
www.aso.mk

релевантноста, споредливоста и конзистентноста во финансиското известување на друштвата за осигурување, што секако ќе придонесе кон подобро општо разбирање на фактичката финансиска состојба и солвентност на друштвата за осигурување но и ќе претставува добра основа за навремено идентификување на ризиците по финансиската состојба и солвентност на друштвата и соодветно управување со овие ризици.

Агенцијата смета дека ваквите промени ќе бидат единство целисходни доколку се случат во разумен временски период и доколку учествуваат самите друштва за осигурување преку свои претставници.

Имајќи го предвид горенаведеното, ве молиме да назначите соодветно раководно лице за контакт од вашето друштво за осигурување, и да потврдите негово/нејзино учество во првиот работен состанок во Агенцијата за супервизија на осигурување на 9 октомври 2023 година во 10 часот.

На првиот работен состанок ќе се запознаеме со моменталниот статус на примена и планови за примена на МСФИ 17 на поединечните друштва за осигурување, како и ќе размениме свои видувања и мислења околу подготовката на временски план со активности за воведување на овој стандард во нашата земја.

Со цел ефикасен почеток на оваа наша иницијатива, ве охрабрувам пред состанокот, при испраќањето на податоци за раководното лице кое ќе учествува во работата на ова работно тело, да дадете и краток осврт за состојбата и плановите во врска со примената на МСФИ 17 од страна на вашето друштво за осигурување. Доколку веќе имате направено одредени квалитативни и/или квантитативни анализи ве охрабрувам истите да ги доставите до Агенцијата. Истите ќе бидат третирани како доверливи информации и нема да бидат споделени без ваше одобрение на оваа, ниту на следните работни средби кои планираме да ги одржуваме во иднина.

Ве молам вашите одговори по овој допис да ги доставите на електронска адреса на kosta.spaseski@aso.mk најдоцна до 5.10.2023 година.

Со почит,

Претседател на Советот на експерти,
Крсте Шајноски